**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2012 ГОДИНА



**С О Д Р Ж И Н А**

**1.Вовед ........................................................................................................2**

**2. Предметно одлучување ........................................................................ 7**

**3. Обем и одлучување по оддели .........................................................................9**
**3.1** *Оддел за казниви дела*........................................................................9
3.1.1 Структура на решени предмети..................................................**10**
3.1.2 Начин на одлучување..................................................................**14**
3.1.3 Траење на постапката............................................ ..................**15**
**3.2** *Оддел за граѓански дела* .....................................................................**16**
3.2.1 Структура на решени предмети..................................................**18**
3.2.2 Начин на одлучување..................................................................**18**
3.2.3 Траење на постапката..................................................................**20**
**3.3** *Оддел за судење во разумен рок*.............................................................**21**
3.3.1 Оддел за судење во разумен рок – прв степен..........................**22**
3.3.1.1 Начин на одлучување на првостепените совети..................**23**
3.3.1.2 Времетраење на постапката на првостепените совети.......**23**
3.3.2 Оддел за судење во разумен рок – втор степен..........................**24**
3.3.2.1 Начин на одлучување на второстепените совети................**25**
3.3.2.2 Времетраење на постапката на второстепените совети.....**26**
**3.4** *Специјализиран совет*.........................................................................**27**
3.4.1 Барања за заштита на основните права
и слободи по жалба – УСПИ-Ж...................................................**27**
3.4.1.1 Траење на постапката..........................................................**27**
3.4.1.2 Начин на одлучување...........................................................**27**

**4. Работа на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија (член 37 од Законот за судовите)....................................................................28**

**5. Седница на оддели и други активности..........................................................30**

**6. Претставки, поплаки и други обраќања до Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија..................................................................32**

**7. Посети и меѓународна соработка....................................................................33**

**8. Заклучни констатации.....................................................................................35**

## 1. ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија претставува уставна категорија и неговата положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Стварната надлежност на Врховниот суд на Република Македонија, е регулирана во член 35 од Законот за измени и дополнувања на Законот за судовите, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Врховниот суд на Република Македонија, својата уставна надлежност за обезбедување на единствена примена на законите од страна на судовите во Република македонија , првенствено ја остварува преку

работата на Општата седница на Врховниот суд, чија надлежност е дефинирана во член 37 од Законот за судовите, во кој е предвидено дека утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите; дава мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење на работата на судовите; разгледува прашања во врска со работата на судовите; примена на законите и судската практика; именува состав на совет за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет за разрешување на судија или изречена дисциплинска мерка во кој учествуваат по тројца судии од Врховниот суд на Република Македонија и други работи предвидени со закон.

Врховниот суд на Република Македонија, ја воедначува судската пракса и преку изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Врховниот суд.

Во текот на 2012 година заврши мандатот на поранешниот претседател на Врховниот суд на Република Македонија, во јули 2012 година, избран е В.Д. Претседател на Врховниот суд на Република Македонија, а во декември 2012 година избран е нов Претседател на Врховниот суд на Република Македонија.

Во извештајната година, утврден е престанок на судиската функција кај 6(шест) судии, кај петмина поради исполнување на условите за заминување во пензија, и кај еден судија поради смрт. На двајца судии на Врховниот суд на Република Македонија им мирува судиската функцијата поради избор за член на Судскиот

совет на Република Македонија и избор за судија на Уставниот суд на Република Македонија . Во декември 2012 година избрани се 4(четири) нови судии кои се вклучени во предметното постапување на Судот со распоредот за работа на судиите од 17.1.2013 година.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, седница на судиите, седница на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, а особено за воедначување на судската пракса.

Согласно Законот за управување со движењето на предметите претседателите на одделите и судскиот администратор на Врховниот суд на Република Македонија во континуитет работеа во Работното тело за управување со движењето на предметите.

Значаен е ангажманот на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, како член по закон, во Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) како и на останатите судии на Врховниот суд на Република Македонија во градењето на аргументите по конкретни предмети против Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

Раководниот фактор на Врховниот суд на Република Македонија во исполнување на надлежноста утврдена со закон и Судскиот деловник оствари редовна

и тесна соработка со домашните институции како Судско буџетскиот совет, каде Претседателот на Судот е и член по функција, Министерството за правда на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, и останатаите судови во Република Македонија.

Во Врховниот суд на Република Македонија со одлука на Претседателот на Судот е формирано Работно тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите кое е раководено од судија одговорен за одделот за судска пракса при Врховниот суд на Република Македонија кое редовно функционираше во текот на 2012 година и одржуваше состаноци на кои се одлучувало по конкретни барања од судовите.

Остварувајќи ја законски утврдената обврска во текот на 2012 година 4 (четворица) судии од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија редовно се ангажирани во телата на Академијата за судии и јавни обвинители.

Судиите на Врховниот суд на Република Македонија, во извештајната година, постојано се ангажирани во Академијата за судии и јавни обвинители како слушатели но и како едукатори на темите од Програмата за обука на Академијата, активно учествуваа во состав на работните тела формирани со цел унапредување на правниот систем на државата преку подготвување нова законска регулатива и менување и дополнување на постојната, како суштествен сегмент на стратегијата за реформи во судството.

Согласно одредбите на Законот за управување со движењето на предметите во судовите, во Судот, во

текот на извештајната година продолжи со функционирање Канцеларија за односи со јавноста, како значаен сегмент во обезбедувањето на транспарентноста на работењето на Судот.

Во тековната година редовно се постапуваше и по барањата на странките по Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер Канцеларијата за односи со јавноста.

Расположливиот стручен кадар на Судот покрај ангажманот во работата на судечките совети согласно Распоредот за работа на судиите и судската администрација за 2012 година значајна активност покажа и на бројните едукации организирани од Академијата за судии и јавни обвинители како слушатели, но и како едукатори на теми од Програмата за обука на Академијата.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок, и податоци за работата на специјализираниот совет кој постапува по жалба на барања за заштита на основните права и слободи дадени подолу во текстот од Годишниот извештај на Судот.

Прикажани во Годишниот извештај за 2012 година се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

## 2. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ

Врховниот суд на Република Македонија во **2012** година постапувал по вкупно **8.038** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот. Во текот на годината решени се **5.819** предмети, а останале нерешени **2.219** предмети по сите основи.

Во Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2012 година во Судот биле примени **4.755** предмети и решени **5.819** предмети при што **совладан е приливот** на новопримени предмети за вкупно **1064** предмети.

Во Судот во извештајната 2012 година **останале нерешени 2.219 предмети што е за 1.064 предмети помалку од претходната**, 2011 година, кога останале нерешени **3.283** предмети од сите области.

**Одделот за казниви дела** во 2012 година имал во работа вкупно **865** предмети. Од нив **728** предмети се новопримени, а од претходната година останале нерешени **137** предмети. Во текот на годината, советите решиле **751** предмет, а на крајот на годината останале нерешени **114** предмети по сите основи.

**Одделот за граѓански дела** во 2012 година имал во работа вкупно **3.352** предмет од надлежност на Врховниот суд на Република Македонија во граѓанската област, од кои **2.018** нерешени предмети од претходната година и **1.334** новопримени предмети во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа, советите во овој оддел решиле **1.487** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **1.865** предмети.

Во **Одделот за судење во разумен рок** советите **во прв степен** во извештајната година имале вкупно во работа

**1.749** предмети, од кои **1.073** предмети останале нерешени од 2011 година, а во 2012 година новопримени се **676** предмети.

Од вкупниот број предмети во прв степен, решени се **1.551** предмет, а на крајот на годината останале нерешени **198** предмети.

Во **Одделот за судење во разумен рок, советот кој одлучува во втор степен по жалби** изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа имал вкупно **1.248** предмети, од кои **18** предмети останале нерешени од 2011 година, а во **2012** година новопримени се **1.230** предмети.

Од вкупниот број предмети во втор степен, решени се **1.229** предмети по жалба, а на крајот на годината останале нерешени **19** предмети.

Во **2012 година специјализираниот совет** кој одлучувал по барања за заштита на основните права и слободи по жалба имал вкупно во работа по сите основи **15** предмети, решени се **14**, а останал нерешен **1** предмет.

Во текот на извештајната **2012** година, специјализираниот совет постапувал и по **7** жалби против одлуки на Управниот суд – **УЖП.** Сите **7** предмети биле земени во работа пред донесувањето на ставот за отстапување на овие предмети на Управниот суд па се решени до крајот на **2012** година.

***

Во **2012** година од претходната година биле останати нерешени **4** предмети по барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ** и **3** новопримени. Вкупно во работа биле **7** предмети, од кои **5** се решени, а останале нерешени **2** предмети.

Сите судии на Општата седница одлучувале по барања за заштита на законитоста во управната постапка – УЗЗ и од вкупно одлучените **5** предмети– УЗЗ, **5** барања биле отфрлени.

## 3. ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### 3.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Одделот за казниви дела** во **2012** година, вкупно во работа имал **865** предмети по сите основи. Од нив **728** се новопримени во текот на годината, а од претходната година останале нерешени вкупно **137** предмети.

Советите во Одделот за казниви дела во извештајната година решиле **751** предмет, а на крајот на годината останале **114** предмети по сите основи.






### 3.1.1.Структура на решените предмети

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените **барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – КВП, КВП.КОК1 И КВП.КОК2**, вкупно **319** предмети, е следна:

**Глава XIV** од Кривичниот законик – кривични дела против животот и телото

- 52 предмети за кривично дело – Убиство - **член 123**;
- 18 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131**;
- 1 предмет за кривично дело – Учество во тепачка – **член 132**;
- 1 предмет за кривично дело – Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница – **член 133**;
- 8 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130**;

**Глава XV** од Кривичниот законик – кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот

- 1 предмет за кривично дело – Присилба – **член 139**;
- 2 предмета за кривично дело – Противправно лишување од слобода – **член 140**;
- 2 предмета за кривично дело – Грабнување – **член 141**;
- 1 предмет за кривично дело – Малтретирање во вршење на службата – **член 143**;
- 1 предмет за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144**;

**Глава XVII** од Кривичниот законик – кривични дела против работните односи

- 2 предмета за кривично дело – Повреда на правото од социјално осигурување – **член 167**;

**Глава XVIII** од Кривичниот законик – кривични дела против честа и угледот

- 6 предмети за кривично дело – Клевета – **член 172**;
- 3 предмети за кривично дело – Навреда – **член 173**;

**Глава XIX** од Кривичниот законик – кривични дела против половата слобода и половиот морал

- 9 предмети за кривично дело – Силување – **член 186**;
- 1 предмет за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187**;
- 17 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години – **член 188**;
- 1 предмет за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата – **член 189**;
- 2 предмета за кривично дело – Задоволување полови страсти пред друг – **член 190**;
- 1 предмет за кривично дело – Посредување во вршење проституција – **член 191**;
- 1 предмети - Подведување и овозможување полови дејствија – **член 192**;
- 1 предмет за кривично дело – Родоскврнавење – **член 194**;

**Глава XX** од Кривичниот законик – кривични дела против бракот, семејството и младината

- 1 предмет за кривично дело – Запуштање и малтретирање на малолетно лице – **член 201**;
- 2 предмета за кривично дело – Неплаќање издршка – **член 202**;

**Глава XXI** од Кривичниот законик – кривични дела против здравјето на луѓето

- 1 предмет за кривично дело – Производство и пуштање во промет штетни прехранбени и други продукти – **член 213**;
- 69 предмети за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психоптропни супстанции и прекурсори – **член 215**;
- 5 предмети за кривично дело – Овозможување на употреба наркотични дроги – **член 216**;

**Глава XXII** од Кривичниот законик – кривични дела против животната средина и природата

- 2 предмета за кривично дело – Узурпација на недвижности – **член 225**;
- 1 предмет за кривично дело – Незаконита експлоатација на минерални суровини – **член 225-а**;
- 1 предмет за кривично дело – Незаконит риболов – **член 229**;
- 1 предмет за кривично дело – Загрозување на животната средина и природата со отпадни материи – **член 230**;

**Глава XXIII** од Кривичниот законик – кривични дела против имотот

- 14 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235**;
- 72 предмети за кривично дело – Тешка кражба – **член 236**;
- 40 предмети за кривично дело – Разбојништво – **член 237**;
- 2 предмета за кривично дело – Разбојничка кражба – **член 238**;
- 4 предмети за кривично дело – Затајување – **член 239**;
- 1 предмет за кривично дело - Оштетување туѓи предмети – **член 243**;
- 1 предмет за кривично дело – Оштетување туѓи права – **член 244**;
- 24 предмети за кривично дело – Измама – **член 247**;
- 1 предмет за кривично дело – Измамување на купувачи – **член 248**;
- 1 предмет за кривично дело – Измама при добивање на кредит или друга погодност – **член 249**;
- 1 предмет за кривично дело – Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем – **член 251**;
- 1 предмет за кривично дело - Оштетување или повластување на доверители – **член 257**;
- 6 предмети за кривично дело – Изнуда – **член 258**;
- 2 предмета за кривично дело – Прикривање – **член 261**;

**Глава XXV** од Кривичниот законик – кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството

- 2 предмети за кривично дело - Фалсификување пари – **член 268**;

- 3 предмети за кривично дело – Правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување – **член 271**;
- 1 предмет за кривично дело – Перење пари и други приноси од казниво дело – **член 273**;
- 1 предмет за кривично дело – Издавање чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка – **член 274**;
- 1 предмет за кривично дело – Измама при работењето со хартии од вредност и удели – **член 275**;
- 2 предмета за кривично дело – Криумчарење – **член 278**;
- 3 предмети за кривично дело – Царинска измама – **член 278-а**;
- 1 предмет за кривично дело – Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама – **член 278-б**;
- 8 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279**;
- 1 предмет за кривично дело - Фалсификување или уништување деловни книги – **член 280**;

**Глава XXVI** од Кривичниот законик – кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот

- 8 предмети за кривично дело – Предизвикување општа опасност – **член 288**;
- 12 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292**;

**Глава XXVII** од Кривичниот законик – кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај

- 3 предмети за кривично дело – Загрозување на безбедноста на сообраќајот – **член 297**;
- 50 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300**;

**Глава XXVIII** од Кривичниот законик – кривични дела против државата

- 1 предмет за кривично дело – Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста – **член 313**;
- 3 предмет за кривично дело – Криење и помагање на сторител во извршено кривично дело – **член 325**;

**Глава XXX** од Кривичниот законик – кривични дела против службената должност

- 26 предмети за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување - **член 353**;
- 1 предмет за кривично дело – Несовесно работење во службата – **член 353-в**;
- 4 предмети за кривично дело – Проневера во службата – **член 354**;
- 8 предмети за кривично дело – Примање поткуп – **член 357**;
- 1 предмет за кривично дело – Давање поткуп – **член 358**;

**Глава XXXI** од Кривичниот законик – кривични дела против правосудството

- 1 предмет за кривично дело – Лажно пријавување на кривично дело – **член 366**;
- 1 предмет за кривично дело – Давање лажен исказ – **член 367**;

- 1 предмет за кривично дело – Неизвршување на судска одлука – **член 377**;

**Глава XXXII** од Кривичниот законик – кривични дела против правниот сообраќај

- 22 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**;
- 1 предмет за кривично дело – Издавање и употреба на невистинито лекарско или ветеринарно уверение – **член 381**;

**Глава XXXIII** од Кривичниот законик – кривични дела против јавниот ред

- 8 предмети за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие – **член 382**;
- 10 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста – **член 383**;
- 1 предмет за кривично дело – Учество во толпа што ќе изврши кривично дело – **член 385**;
- 17 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386**;
- 2 предмета за кривично дело – Самовластие – **член 392**;
- 42 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396**;
- 7 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394**;
- 1 предмет за кривично дело – Терористичка организација – **член 394-а**;

**Глава XXXIV** од Кривичниот законик – кривични дела против човечноста и меѓународното право

- 2 предмета за кривично дело – Трговија со луѓе – **член 418-а**;
- 20 предмети за кривично дело – Криумчарење мигранти – **член 418-б**;
- 2 предмета за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – **член 418-в**;
- 8 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице– **член 418-г**;
- 1 предмет за кривично дело – Земање заложници – **член 421**;

- 36 предмети – **Прекршок од ЗБСП** ;
- 5 предмети – **Прекршок од Закон за јавен ред и мир**;
- 11 предмети – **Прекршок од Закон за шуми;**
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за трговски друштва.**

Од вкупно решени 319 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

- **255** предмети со **1 осудено лице;**
- **42** предмети со **2 осудени лица;**
- **12** предмети со **3 осудени лица;**
- **4** предмети со **4 осудени лица;**
- **2** предмети со **5 осудени лица;**
- **2** предмети со **6 осудени лица;**
- **1** предмет со **8 осудени лица;**
- **1** предмет со **11 осудени лица.**

### 3.1.2.Начин на одлучување

**Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста - КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија е следна: Вкупно во работа биле **69** предмети. Од вкупно решените **58** барања, **13** се одбиени како неосновани. Во уважените барања во **12** предмети укината е првостепената и второстепената пресуда, во **4** предмети е укината само второстепената пресуда, во **6** предмети е укината само првостепената пресуда, во **11** предмети е констатирана повреда на КЗ, а во **7** предмети е преиначена одлуката и има **5** предмети во кои е донесена ослободителна пресуда.

По апелациони подрачја **29** предмети биле од Апелациониот суд Скопје, **14** предмети биле од Апелациониот суд Битола, **8** предмети биле од Апелациониот суд Штип и **7** предмети биле од Апелациониот суд Гостивар.

Исто така, со едно лице имаме **45** предмети, со 2 лица **8** предмети, со 3 лица **4** предмети, со 4 лица **1** предмет, а **вкупно осудени лица се 58**.

При тоа, се констатира дека по барањата за заштита на законитоста во текот на извештајната година се решени **84%** од предметите, а останале само **11** нерешени предмети.

**Состојбата на предметите во постапка на трет степен - ВКЖ** по жалби на пресуди на Апелационите судови е следна:

Од 2011 година останале нерешени **3** предмети, новопримени се **21** предмети, во **2** предмети жалбата е отфрлена, во **13** предмети жалбата е одбиена како неоснована, во укинати предмети во **1** предмет е укината првостепена и второстепена пресуда, во **5** предмети е преиначена одлуката, а останале нерешени **3** предмети на крајот на годината.

**Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - ВУК** е следна:

Од 2011 година останале нерешени **31** предмет, новопримени во 2012 година се **254** предмети, вкупно во работа биле **285** предмети од кои решени се **266** предмети, нерешени **19**, а по видот на одлуката **226** се одбиени и **40** уважени.

Состојбата по предметите заведени под **КР** е следна:

Вкупно во работа се **96** предмети од кои решени **87** од кои **9** предмети се одбиени, **65** предмети се уважени, **12** предмети се решени на друг начин, **1** предмет е отфрлен, а останале нерешени **9** предмети.

**3.1.3.Траење на постапката**

Во однос на времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција, може да се констатира дека во 2012 година **ажурно се постапувало по сите видови предмети**.

Од вкупно решените **751** предмет, кај:

- **571** предмет постапката е завршена за период **до 3 месеци**,
- **130** предмети постапката е завршена за период од **3 до 6 месеци**,
- **38** предмети постапката е завршена за периодод **6 до 12 месеци**, а во
- **12** предмети постапката е завршена за период подолг од **1 година.**

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Со сигурност може да се каже дека кај сите предмети, кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, исклучива причина е што овие предмети најчесто се вратени административно до судовите за комплетирање на списите и повторно вратени во Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и постапката се одолговлекувала.

### 3.2 ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во **2012** година во **Одделот за граѓански дела** имало вкупно во работа **3.352** предмет, од кои **2.018** нерешени предмети останати од претходните години и **1.334** новопримени предмети. Решени се **1.487**, а останале нерешени **1.865** предмети.

Во извештајната година во споредба со претходната година решени се **355** предмети повеќе или **31,36%** повеќе решени предмети во однос на претходната, 2011 година, кога биле решени вкупно **1.132** предмети.




Во извештајната **2012** година, бројот на нерешените предмети на крајот од годината е намален за **157** предмети.



Во **2012** година во Одделот за граѓански дела совладан е приливот за **153** предмети.




Во споредба со 2011 година кога биле примени **1688** предмети во **2012** година во одделот за граѓански дела намален е приливот на новопримени предмети за **354** предмети.



### 3.2.1.Структура на решени предмети

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на **2012** година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ работни спорови **507** или **35,6%**, надомест на штета вкупно **395** предмети или **27,7%**, потоа по основ на долг **209** предмети или **14,7%**, сопственост и владение **174** предмети или **12,2%**, за поништување и раскинување на договор **62** предмети или **4,4%**, за неосновано збогатување **30** или **2,1%**, други спорови **19** предмети или **1,3%**, за развод на брак **16** предмети или **1,1%** и за издршка **11** предмети или **0,8%**.

Споредбено со претходната година, бројот на ревизиите по кои се одлучувало по основи, бројот на предмети се движи во рамките на вообичаени бројки, освен по основот работни спорови, кој процентуално е зголемен.

### 3.2.2.Начин на одлучување

Од вкупниот број граѓански предмети **3.352** кои биле во работа во 2012 година **по ревизија** биле **3.281** предмет, односно **97,9%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.237** предмети, односно **37,70%**.

Од решените **1.237** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: **одбиени** се **629**, односно **50,84%**, **преправени 114**, односно **9,21%**, **укинати 126**, односно **10,18%**, **отфрлени 368,** односно **29,74%** .

Според бројот на **одбиените ревизии**, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60%**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%**, во 2009 година **47,7%,** во 2010 година **59%,** во 2011 година **53,8%**, а во 2012 година **50,84%**. Од овие бројки се гледа дека процентот на одбиените ревизии во 2012 година, како неосновани споредбено со претходната година е намален.

Состојбата кај **апелационите судови** по однос **на одбиените ревизии** во 2012 година изгледа вака:

- **Апелациониот суд Скопје** од вкупно **780** решени ревизии, **394** ревизии биле одбиени како неосновани или **50,51%**, отфрлени **221** или **28,33%**;
- **Апелациониот суд Битола** од вкупно **219** предмети, **124** ревизии биле одбиени како неосновани или **56,62%,** отфрлени **58** или **26,48%**;
- **Апелациониот суд Штип** од вкупно **108** предмети, **68** ревизии биле одбиени како неосновани или **63%**, отфрлени **20** или **18,50%**;
- **Апелациониот суд Гостивар** од вкупно **130** предмети, **43** ревизии биле одбиени како неосновани или **33,07%**, отфрлени **69** или **53,07%**.

**Преиначувањето на побиваните одлуки** настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49** или **4,4%**, во 2004 година **31** одлука или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111** или **5,4%**, во 2009 година **118** или **7%,** во 2010 година **100** или **8,7%,** во 2011 година **70** или **6,7%**, а во 2012 година **114** или **9,21%.** Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е зголемено споредено со претходната извештајна година.

Состојбата на апелационите судови по однос на **преиначени ревизии** во 2011 година изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **780** решени ревизии, биле преиначени **83** или **10,64%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **219** решени ревизии, биле преиначени **21** или **0,09%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **108** решени ревизии, преиначени се **5** одлуки или **4,60%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **130** решени ревизии, преиначени се **5** одлуки или **3,84%**.

Поради суштествена повреди на постапката и погрешна примена на материјалното право и со тоа нецелосно утврдена фактичка состојба укинати се вкупно **126** судски одлуки или **10,18%** од вкупно донесените одлуки по ревизија, или **1237**. Неодминлив е впечатокот дека треба да се работи на подобрување на квалитетот во работењето.

Резултатите по однос на **укинатите одлуки** по Апелационите судови се следни:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **780** предмети, **82** се укинати или **10,52%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **219** предмети, **16** се укинати или **7,30%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **108** предмети, **15** се укинати или **13,80%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **130** предмети, **13** се укинати или **10%.**

**Одделот за граѓански дела** освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Така, предмети за **судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство,** биле во работа вкупно **71** предмет и од овие решени се **64** предмети, или **90%**, а останале нерешени **7** или **9,8%**. По овие предмети во 2011 година, одлучуваа два совета од по тројца судии.

### 3.1.3.Траење на постапката

Во **2012** година од вкупно решени **1.487** предмети, траењето на постапката

- над 3 години била кај **1** предмет,
- од 1 до 3 години кај **1.099** предмети,
- до 1 година кај **184** предмети,
- до 8 месеци кај **44** предмети,
- од 3 до 6 месеци кај **74** предмети,
- од 1 до 3 месеци кај **70** предмети и
- до 1 месец кај **20** предмети.



### 3.3 ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Во Одделот за судење во разумен рок, во текот на извештајната **2012** година, вкупно во работа биле **2.997** предмети во двата степени на одлучување, од кои во текот на годината новопримени се **1.906** предмети, а од претходната година останале нерешени вкупно **1091** предмети.




Во текот на извештајната година решени се **2.780** предмети, а на крајот на годината во Одделот останале нерешени **217** предмети.



Во извештајната **2012** година Судот решил **1997** предмети повеќе споредбено со 2011 година, кога решил **783** предмети.




### 3.3.1 Оддел за судење во разумен рок – прв степен

Во **Одделот за судење во разумен рок советите во прв степен** во извештајната година имале вкупно во работа **1.749** предмети, од кои **1.073** предмети останале нерешени од 2011 година, а во **2012** година новопримени се **676** предмети. Од вкупниот број предмети во одделот, во прв степен решени се **1.551** предмет, а на крајот на годината останале нерешени **198** предмети.



### 3.3.1.1 Начин на одлучување на првостепениот совет

Следејќи ја работата на решавање на предметите на првостепениот совет по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Од решените **1.551** предмет, **203** барања за заштита на правото на судење во разумен рок се **усвоени** или **13,08%**, **370** барања се **одбиени** или **23,86%**, **976** барање се **отфрлени** или **62,93%**, а **2** барања биле **решени на друг начин**, или **0,13%** што укажува на тоа дека и во овој извештаен период преовладува бројот на решени – отфрлени предмети што се должи на големиот број барања, вкупно **1189** предмети, од ист барател од кои **902** барања се отфрлени, а **213** мериторно решени. Се истакнува дека бројот на примени и отфрлени барања од овој барател, главно се должи на ненавремено доставени барања, како и на неуредни барања за кои и покрај тоа што е барано уредување останале неуредени што е причина за големиот број на отфрлени барања на овој подносител.

### 3.3.1.2 Времетраење на постапката на првостепените совети

Кај вкупно решените **1.551** предмет времетрањето на постапувањето на првостепениот совет по изјавените барања за заштита на правото на судење е како што следува:

- **5** предмети постапката е завршена до **1 месец**,
- **78** предмети постапката е завршена за период од **1 до 2 месеци**,
- **184** предмети постапката е завршена за период од **2 до 3 месеци**,
- **1.062** постапката е завршена за период од **3 до 6 месеци,** и
- **222** предмети постапката е завршена за период подолг од **6 месеци.**



Најчеста причина која доведува до одолговлекување на постапката пред Врховниот суд на Република Македонија е пред се недостиг на списи на кои се однесува барањето. Меѓутоа, долго трае постапката и кога судот ќе достави барање за произнесување на судиите кои постапувале по предмет на кој се однесува барањето, и тоа во врска со редоследот за превземените процесни дејствија, податоците за почитување на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето кои се од значење за одржување на ефикасноста на правното средство.

### 3.3.2 Оддел за судење во разумен рок – втор степен

**Во Одделот за судење во разумен рок, второстепениот совет** надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа во извештајната година имал вкупно **1.248** предмети, од кои **18** предмети останале нерешени од 2011 година, во **2012** година новопримени се **1.230** предмети. Од вкупниот број предмети во одделот, во втор степен решени се **1.229** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **19** предмети.



Во извештајната **2012** година примени се **966** предмети повеќе од 2011 година кога примени се **264** предмети.




**3.3.2.1 Начин на одлучување на второстепениот совет**

Следејќи ја работата на решавање на предметите на второстепениот совет по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Во текот на **2012** година од вкупно второстепено решените **1.229** предмети, **47** жалби се **уважени** или **3,82%, 1.172** жалби се **одбиени** или **95,36%, 10** жалби се **отфрлени** или **0,82%.**

Се истакнува дека од вкупно решените **1.551** предмети во прв степен и **1.229** предмети во втор степен во жалбената постапка, по кои е одлучувано во 2012 година, **максималиот износ** кој е досуден за паричен надоместок од повреда на правото на судење во разумен рок **е 480.000,00 денари**, по споени барања поднесени од осум подносители, додека **најнискиот досуден износ е 4.000,00 денари**.

Вкупно по сите предмети по кои е одлучувано и е донесена правосилна одлука во **2012** година е досуден износ од **9.694.224,00** денари, како на име

правичен надоместок, така и за трошоци во постапката по повод поднесеното барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

### 3.3.2.2 Времетраење на постапката на второстепениот совет

Од вкупно решените **1.229** предмети, времетраењето на постапувањето на второстепениот совет надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија е како што следува:

- **103** предмети постапката е завршена за период **до 1 месец**,
- **330** предмети постапката е завршена за период од **1 до 2 месеци**,
- **568** предмети постапката е завршена за период од **2 до 3 месеци**,
- **216** предмети постапката е завршена за период од **3 до 6 месеци**,
- **12** предмети постапката е завршена за период подолг од **6 месеци**.



### 3.4.СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СОВЕТ

#### 3.4.1 Барања за заштита на основните права и слободи по жалба – УСПИ-Ж

Во **2012** година новопримени се вкупно 15 предмети по жалба на барања за заштита на основните права и слободи. Вкупно во работа биле **15** предмети, од кои **14** се решени, а останал нерешен **1** предмет.

##### 3.4.1.1 Траење на постапката

Од вкупно решените **14 УСПИ-Ж предмети:**

- **11** предмети биле решени **до 1 месец,**
- **3** предмети биле решени од **1 до 2 месеци.**

##### 3.4.1.2 Начин на одлучување

Од вкупно одлучените **14** предмети по жалба на барања за заштита на основните права и слободи **- УСПИ-Ж**, сите **14** жалби биле одбиени.

Во текот на извештајната 2012 година, специјализираниот совет постапувал и по **7** жалби против одлуки на Управниот суд – **УЖП.** Сите **7** предмети биле земени во работа пред донесувањето на ставот за отстапување на овие предмети на Управниот суд. Истите се решени до крајот на **2012** година.

***

Во **2012** година од претходната година биле останати нерешени **4** предмети по барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ** и **3** новопримени. Вкупно во работа биле **7** предмети, од кои **5** се решени, а останале нерешени **2** предмети.

Сите судии на Општата седница одлучувале по барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ** и од вкупно одлучените **5** предмети– **УЗЗ**, **5 барања биле отфрлени**.

## 4. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2012** година има одржано **12 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

1. Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2011 година.
2. На проширена општа седница во два дена се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2011 година.
3. На посебна седница усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работењето на судовите во РМ во 2011 година.
4. Претседателот на судот прибави мислења од Општата седница во врска со Распоредот за работа на судиите во Врховниот суд на РМ за 2011 година.
5. Општата седница расправаше за утврдување предлог до Судскиот совет на Република Македонија за зголемување на бројот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија.
6. Формирани се Совети за одлучување по 5 (пет) жалби, изјавени против решенија за разрешување на судии, донесени од Судскиот совет на Република Македонија.
7. Општата седница расправаше и одлучи по 4 (четири) Барања за заштита на законитоста од Јавниот обвинител и 1 (едно) од Државниот правобранител. Сите 5 (пет) Барања за заштита на законитоста се отфрлени како недозволени.
8. Општата седница одлучи по вкупно два приговори на судии против одлука за распоред за работа на Претседател на суд.

**9.** Општата седница го усвои следното **начелно правно мислење**: **„Јавниот обвинител на Република Македонија според одредбата од член 39 став 1 и член 44 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови, како овластен орган со закон, не може да поднесе**

**барање за заштита на законитоста против одлука на судот донесена по тужба за повторување на постапката, пред денот на примената на Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови – 30.06.2011 година“.**

10. Општата седница расправаше по правно прашање во врска со учество на член на Управен одбор – Претседател, кој истовремено е и градоначалник на Општина, во донесување на одлуките за отказ (престанок на работен однос) од деловни причини, дали е од влијание во правилноста и законитоста на престанокот на работен однос.

Предложеното начелно правно мислење не го доби потребното мнозинство.

11. Општата седница го усвои следното **начелно правно мислење**:

**-„Договорот за награда за адвокатски услуги склучен помеѓу адвокат-полномошник и странка, во делот со кој висината на наградата се определува во процентуален износ, а ќе биде пресметана по правосилното окончување на постапката, кога судот ќе донесе одлука за висината на надоместот - сумата ќе стане неспорна, е ништовен“.**

12. Општата седница расправаше по Заклучок на Судскиот совет на Република Македонија во врска со член 78 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

13. Дадени се предлози до Судскиот совет на Република Македонија за времено упатување во друг суд на вкупно 11 (единаесет) судии, но не подолго од 1 (една) година.

14. Именувани се, последователно, двајца заменици на член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители на членот на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија.

15. Именувани се двајца членови и нивни заменици на Програмскиот совет на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и тоа едниот член и негов заменик од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија, а вториот член и негов заменик од редот на судиите на пониските судови или Управниот суд.

## 5. СЕДНИЦА НА ОДДЕЛИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

**Одделот за казниви дела** во текот на **2012** година на одржаните **3 (три)** седници расправал по разни материјали и информации што му биле дадени во надлежност за произнесување од Министерството за правда и други институции, по кои се заземени ставови, а биле разгледани и донесени правни мислења по одредени прашања. На седници на одделот биле разгледувани и прашања кои биле доставени од апелационите судови.

Одделот за казниви дела на седницата одржана на ден 11.7.2012 година го донесе следното **правно мислење**:

**-„Постапувајќи по законите во кои се пропишани прекршоци, а не се пропишани постапките за порамнување и посредување, ќе се применуваат одредбите од Законот за прекршоците, со кој е предвидена задолжителна постапка за порамнување и посредување“.**

Во текот на **2012 година Одделот за граѓански дела** според Програмата за работа за 2012 година, редовно одржувал седници на кои се расправало за разни правни прашања кои произлегуваат од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се договорени ставови, донесени правни мислења и заклучоци по истите.

Одделот за граѓански дела на седницата одржана на ден 27.3.2012 година го усвои следното **правно мислење**:

**„Странката има право на надомест на трошоците за поднесениот одговор на жалба, доколку второстепениот суд ја отфрли или одбие жалбата како неоснована согласно член 160 став 1 од Законот за парничната постапка“.**

Одделот за граѓански дела на седницата одржана на ден 15.5.2012 година го усвои следниот **заклучок**:

„**Работникот кој организирал или учествувал во штрајк, кој не е организиран во согласност со Закон и Колективен договор, може да му се даде отказ, ако продолжил со штрајкот и по приемот на правосилната судска пресуда, со која се забранува штрајкот како спротивен на Законот и Колективен договор“.**

**Одделот за судење во разумен рок во 2012 година** одржал 2 (две) седници, на кои биле разгледувани актуелни прашања:

- Годишниот извештај и програмата за работа на Одделот за судење во разумен рок и нивно усвојување;
- прашањата кои се однесуваат на одлуките на советите во Одделот за судење во разумен рок а кои се рефлектираат на АКМИС-системот;
- разгледувано е на правно прашање за оштетениот од кривичната постапка, како странка во постапката за судење во разумен рок ;
- разгледувана е можноста за примена на членот 353 став 3 од Законот за парничната постапка, во врска со постапувањето на жалбениот совет при одлучувањето по повод изјавена жалба против одлука на првостепениот совет која еднаш била укината;
- заклучок за натамошно подобрување на ефектите од примената на правното средство – заштита на правото на судење во разумен рок;
- расправа по правното прашање дека не претставува пресудена работа одлучувањето по барања на ист барател во иста управна работа, ако се поднесени две различни барања за покренување на управна постапка;
- утврдување на услови за спојување на повеќе предмети за кои може да се одлучи со една одлука;
- усогласување на висината на досудениот правичен надомест со времетраењето на постапката, со судската пракса на Европскиот суд за човекови права;
- усогласување на праксата во работата на советите, заради обезбедување на статусот на ефикасно правно средство, преку доследна примена на заклучоците на Одделот и укажувањата на Европскиот суд за човекови права.

## 6. ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на **2012** година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **765** поднесоци, заведени во **УР-12 Разно** - Уписник за барање за приоритетно решавање на предмети и други поднесоци, **УПП** - Уписник за претставки и поплаки и **СПИ** - Уписник за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер).

Од вкупно доставените поднесоци, во уписникот **УР-12 Разно** се заведени **349** барања за побрзо решавање на предметите и **242** разни други поднесоци. Во уписникот **УПП** се заведени **164** претставки и поплаки, а во уписникот **СПИ** се заведени **10** барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **349** барања за приоритетно решавање на предметите, одобрил **112**, одбил **90**, додека пак за останатите се доставени писмени известувања дека предметите се земени во работа.

Од вкупно заведените **10** барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, **8** се позитивно одговорени, а во врска со две барања е донесен Заклучок за прекинување на постапката поради тоа што странките не доставија дополнување на барањето за пристап до информации од јавен карактер во предвидениот рок.

По наведените основи, во **16** случаи до Судот се обратил Народниот правобранител, во **8** случаи Министерството за правда и во **12** случаи Судскиот совет на Република Македонија.

Претставките најчесто се однесуваат на долгото траење на постапките пред основните судови, како и на работата и однесувањето на одделни судии и претседатели.

По доставените барања е постапувано во согласност со Законот за судовите, Законот за постапување по претставките и предлозите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

## 7. ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 27 јануари до 1 февруари 2012 година присуствуваше на традиционалната свеченост по повод годишната работа на Европскиот суд за човекови права и семинарот организиран по тој повод на тема "Како да се обезбеди поголема инволвираност на националните судови во системот на Европската конвенција за човекови права".

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, на покана на Претседателот на Врховниот суд на Република Албанија, присуствуваше на меѓународна конференција за претседатели на врховни судови од централна и источна Европа на тема "Судскиот интегритет", која се одржа од 13-16 мај 2012 година во Тирана, Република Албанија.

Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:

- Делегација на Проектот на USAID за јакнење на судството, со цел претставување на главните цели на кои ќе работи Проектот во поглед на подобрување на состојбите во македонското судство и тоа во делот на намалување на заостатокот на предмети, тонското снимање на постапките, водењето на АКМИС-от, како и во делот со судскиот буџет.

- Амбасадорот на делегацијата на Европската комисија на Европската Унија во Република Македонија. Средбата беше посветена на презентирање на делот од прогрес извештајот за Република Македонија за 2011 година, посебно за поглавјето 23 сектор судство и владеење на правото, како и разгледување на идните главни предизвици во судската реформа со цел започнување на пристапните преговори за членство во Европската Унија.

- Согласно Програмата подготвена од Владата на Република Македонија, претставници на Оценска ескпертска мисија на Европската комисија на Европската Унија во полето на правда и внатрешни работи, како и претставници на Оценска мисија од областа на корупција, економски

криминал и перење на пари, оствариja посета на Врховниот суд на Република Македонија. Предмет на интерес на оценските мисии претставуваше реформата на судството и воспоставувањето на независен, сигурен и ефикасен судски систем, како и проценка на националниот интегритет на Република Македонија, како земја кандидат за пристапување кон Европската Унија.

- Посета на Мисија на Советот на Европа од Директоратот за проширување на Европската Унија, со цел согледување на состојбите во Република Македонија по однос на прашањето за слободата на медиумите.

- Делегација на Советот на Европа од Одделот за извршување на судските одлуки на Европскиот суд за човекови права. Предмет на интерес претставуваше примената на членот 6 од Европската конвенција за човекови права, како и висината на надоместот кој што го досудува Врховниот суд на Република Македонија во предметите по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

- Експертска мисија на Комитетот за мониторинг од парламентарното собрание на Советот на Европа. Посетата беше реализирана со цел согледување на состојбите во областа на владеењето на правото, заштитата на човековите права и слободи, слободата на медиумите, сузбивање и борбата против организираниот криминал, како и владеењето на демократијата во Република Македонија како земја која претендира да стане членка на Европската Унија.

- Делегација на претставници од Програмата OPDAT при Амбасадата на Соединетите Американски Држави, со цел претставување на проектот “Програма за партнерство помеѓу судиите на Соединетите Американски Држави и судиите во Република Македонија на тема – “Улогата на судијата во акузаторната постапка”.

## 8. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1. Врховниот суд на Република Македонија извештајната година ја завршил како ефикасен суд.**

Во 2012 година во Врховниот суд на Република Македонија биле вкупно во работа **8.038**, од кои новопримени **4.755** предмети и **3.283** предмети останати нерешени од претходните години.

Во текот на годината, решени се **5.819** предмети, при што **совладан е приливот** на новопримени предмети за вкупно **1064** предмети.

Во Судот во извештајната **2012** година **останале нерешени 2.219 предмети што е за 1.064 предмети помалку од претходната** 2011 година, кога останале нерешени **3.283** предмети од сите области.

2. **Одделот за казниви дела** во извештајната **2012** година имал во работа вкупно **865** предмети. Во текот на годината решени се **751** предмети, а останале нерешени **114** предмети.

Во Одделот за казниви дела совладан е приливот за вкупно **23** предмети. Споредено со 2011 година кога бројот на нерешените предмети изнесувал **137** предмети, на крајот на **2012** година е намален за **23** предмети, што значи дека продолжува во континуитет ефикасното работење во овој оддел.

3. **Одделот за граѓански дела** во извештајната **2012** година имал во работа вкупно **3.352** предмети, од кои **1.487** предмети се решени во текот на годината , што значи дека е совладан приливот за вкупно **153** предмети.

Бројот на **решените предмети**, споредбено со 2011 година, **е зголемен за 355 предмети**, а пак бројот на **нерешените предмети**, споредбено со 2011 година **е намален за 157 предмети**.

Ваквите податоци се резултат на вложените напори и ефикасното постапување во Одделот, но со оглед на тоа што во овој оддел е и најголемиот обем на работа во судот, на крај на годината останале нерешени **1.865** предмети.

Бројот на нерешени предмети во овој оддел е во директна врска со потешкотиите со кои се соочи Врховниот суд на Република Македонија во 2012 година со оглед на тоа што во овој оддел има потреба од ангажирање на најголем број судии во двата судечки совети, а судот подолг период во текот на годината постапуваше со само 17 судии, што е за 8 судии помалку од бројот на судии определен со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија.

**4**. Во **Одделот за судење во разумен рок** во текот на извештајната **2012** година ефикасно се постапувало по вкупниот број на предмети во работа во двата степени на одлучување.

Имено во текот на годината постапувано е по **2.997** предмети од кои во текот на годината новопримени се **1.906** предмети и **1.091** предмет биле останати нерешени од претходната година.

Во овој оддел решени се **2.780** предмети, што значи дека е совладан приливот за вкупно **874** предмети, а споредено со 2011 година, бројот на нерешените предмети на крајот на 2012 година е намален за **879** предмети.

**Првостепениот совет** од вкупно **1.749** предмети во работа во текот на годината, решил **1.551** предмет, а останале нерешени **198** предмети.

**Второстепениот совет** кој е надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепениот совет, во текот на годината имал вкупно во работа **1.248** предмети, од кои решени се **1.229**, а останале нерешени **19** предмети.

**5**. Според надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија во управната материја, во **2012 година постапувал еден специјализиран совет** кој одлучувал по жалби против решенија по барања за заштита на основните права и слободи, имал вкупно во работа по сите основи **15** предмети, решени се **14**, а останал нерешен **1** предмет.

Во текот на извештајната **2012** година, специјализираниот совет постапувал и по **7** жалби против одлуки на Управниот суд – **УЖП.** Сите **7** предмети биле земени во работа пред донесувањето на ставот за отстапување на овие предмети на Управниот суд, па се решени до крајот на **2012** година.

***

**6**. Во **2012** година од претходната година биле останати нерешени **4** предмети по барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ** и **3** новопримени. Вкупно во работа биле **7** предмети, од кои **5** се решени, а останале нерешени **2** предмети.

Сите судии на Општата седница одлучувале по **5** барања за заштита на законитоста (**УЗЗ)** и сите се отфрлени како недозволени.

**7.** Врховниот суд на Република Македонија согласно својата надлежност донесените начелни правни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и седниците на одделите, ги објавува на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија.

**8.** Согласно надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија за воедначување на судската пракса, се интензивира работата за изработка на сентенци по одредени правни прашања заради објавување на WEB страната на судот.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**